Национална установа Кинотека на Република Северна Македонија
Institucioni Nacional Kinoteka e Republikës së Maqedonisë se Veriut
Скопје-Shkup
Примено / E pranuar: 31.05.2022
Орг. Един. / Njësia Org.: 02 | Бр. / Nr.: 318/2 | Прилог: | Вредност:

Република Северна Македонија
Министерство за култура
Сектор за нормативно-управни работи и за авторското право и сродните права

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Kulturës
Sektori i Çështjeve Normative-Administrative dhe i të Drejtës së Autorit dhe të Drejtave të Ndërlidhura

Бр. 53-5791/4
Датум: 12.05.2022 год.

Скопје

Архивски знак: ______
Рок на чување: ______ год.
______ 20___ год.
Потпис,

Врз основа на член 25 став (2) од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18), министерот за култура го донесе следново

# РЕШЕНИЕ

## за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Националната установа Киинотека на Република Северна Македонија бр. 02-311/3 од 18.04.2022 година

1. Се дава согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Националната установа Кинотека на Република Северна Македонија - Скопје бр. 02-311/3 од 18.04.2022 година, донесена на седницата на Управниот одбор одржана на 18.04.2022 година, со која се врши измена на Статутот на Националната установа Кинотека на Република Северна Македонија - Скопје бр.01-634/1 од 26.05.2015 година, бр.02-462/5 од 04.05.2018 година и бр.02-220/3 од 12.03.2019 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

## Образложение

Националната установа Кинотека на Република Северна Македонија - Скопје (во натамошниот текст: установата) до Министерството за култура достави Допис бр.02-318/1 од 18.04.2022 година заверен со наш архивски број 53-5791/1 од 20.04.2022 година.

Со наведениот Допис, установата достави Одлука бр. 02-311/3 од 18.04.2022 година за изменување и дополнување на Статутот на Националната установа

Кинотека на Република Северна Македонија - Скопје бр.01-634/1 од 26.05.2015 година, бр.02-462/5 од 04.05.2018 година и бр.02-220/3 од 12.03.2019 година.

Цитираната Одлука за изменување и дополнување на Статутот на установата е донесена согласно Барањето бр. 02-14420/1 од 17.12.2021 година од Министерството за култура, со насока Управниот одбор да изврши проверка и по потреба ревидирање на Статутот на установата во делот кој се однесува на потребното стекнато високо образование на кандидатот за избор на директор заради усогласување со Класификацијата на научно истражувачките подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација (Службен весник на Република Македонија бр.103/10).

Согласно членот 25 ставови (1) и (2) од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18), националната установа од областа на културата има статут со кој се уредува работата и организацијата на установата и обезбедувањето јавност во нејзината работа, на кој согласност дава министерот за култура.

Имајќи го предвид напред наведеното, министерот за култура одлучи како во диспозитивот на ова решение.

МИНИСТЕР,

Бисера Костадиновска - Стојчевска

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за култура - Ministria e Kulturës
Скопје - Shkup

Изработил: Lavdim Farizi, советник
Одобрил: Славица Спировска-Ѓорѓиевска, рак. на одделение
Согласна: Весна Илиевска, држ.советник


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup

+389 23240 643
www.kultura.gov.mk